РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**Арх.бр.11-278/2**
од 11.01.2024 година
Кавадарци

До
**Градоначалник на Општина Кавадарци**

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20 и 111/23) и донесената Програма за изработка на урбанистички планови на Општина Кавадарци за 2024 година со Одлука број 08-7480/38 од 21.12.2023 година објавена во Службен Гласник на Општина Кавадарци бр.44/23 донесена од страна на Советот на Општина Кавадарци, Градоначалникот на Општина Кавадарци го дава следното

СООПШТЕНИЕ
**За спроведување на јавен увид по**

**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за А4.7 – Куќи за потребите на селскиот туризам, на КП 3251, м.в. Коштаните, КО Ваташа, Општина Кавадарци**

**Член 1**

Се известуваат граѓаните на Општина Кавадарци дека се организира **Јавен увид** по **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за А4.7 – Куќи за потребите на селскиот туризам, на КП 3251, м.в. Коштаните, КО Ваташа, Општина Кавадарци,** со тех.бр.02-04/23 од ноември 2023 изработен од Друштво за трговија на мало и проектирање АРХИКОНС Јован ДООЕЛ Кавадарци.

## Член 2

Проектниот опфат тангира со реката Луда Мара на североисточната страна, на околу 4,5км јужно од село Ваташа, односно 2,9км источно од с.Дабниште, на надморска висина од околу 435 м.

Цел на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за оформување на градежна парцела 1, со намена А4.7 – Куќи за потребите на селскиот туризам, на КП 3251, м.в. Коштаните, КО Ваташа, општина Кавадарци
на КП 3251, м.в. Коштаните, КО Ваташа, е оформување на градежна парцела од една катастарска парцела - КП 3251, КО Ваташа, со влез од полски пат со кој проектниот опфат тангира на западната страна, со сите потребни параметри занејзина реализација и усогласување со Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/2020, 111/2023), Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија бр 11/18), како и Правилникот за урбанистичко планирање, (Службен весник на РСМ бр 225/20, 219/21, 104/22, 99/23)

Граници на проектниот опфат се:
на североисток – КП 3670, КО Ваташа, река Луда Мара
на исток – КП 3250 и КП 3249, КО Ваташа,
на југ - КП 3252, КО Ваташа,
на запад – КП 3705/2, КО Ваташа, земјан пат,

- површина на планскиот опфат изнесува 0, 4181 ха.

Главна основа за планирање на просторот за планскиот опфат претставува Просторниот план на РМ, односно Условите за планирање на просторот со тех.бр Y22223 од јуни 2023 година, изработени од Агенција за планирање на просторот со Решение за УПП со арх.бр УП1-15 1355/2023 од 06.07.2023 издадено од МЖСПП - Сектор за просторно планирање.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ЈАВЕН УВИД

На **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за А4.7 – Куќи за потребите на селскиот туризам, на КП 3251, м.в. Коштаните, КО Ваташа, Општина Кавадарци, со тех.бр.02-04/23 од ноември 2023 изработен од Друштво за трговија на мало и проектирање АРХИКОНС Јован ДООЕЛ Кавадарци** ќе трае 15 (петнаесет) дена во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената web страна на Општина Кавадарци https://kavadarci.gov.mk/ и **https://www.e-urbanizam.mk** во период од 15.01.2024 до 29.01.2024 година за кое време може да се доставаат евентуални забелешки, секој работен ден од 8.00 до 16.00 во просториите на Одделението за Урбанизам при Општина Кавадарци.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК
**д-р Митко Јанчев**

**Изработил:**
**м-р.инж.арх Даниела Клинчарова**

**Контролирал:**
**м-р.инж.арх Марија Данаилова**

**Одобрил:**
**м-р.инж.арх Ирена Митрова**